МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО
ТЕЛО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ИПАРД
Комитет за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020

# *Нацрт записник од седмиот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020*

*26 ноември 2020*
***Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство***

Арх.бр. 20-____/__
____ . ____ . 2021

## I. Листа на учесници

1. **Реџаил Исмаили** - претседавач на Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020

**Присутни членови на Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020:**

1. **Андријана Велевска** - Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство;
2. **Маја Лазареска Јовеска** - Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство;
3. **Гоце Георгиевски**- Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство;
4. **Дритан Рамадани**- Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство;
5. **Назмије Идризи** - Министерство за животна средина и просторно планирање;
6. **Марјан Копевски** - Министерство за транспорт и врски;
7. **Владо Аврамовски**- Министерство за труд и социјална политика;
8. **Евгенија Серафимовска Кирковски**- СЕП;
9. **Елгафар Јусуфи** - Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството;
10. **Сашо Ристески**- Македонска Асоцијација на преработувачи;
11. **Сашко Арсов** - Агенција за храна и ветеринарство;
12. **Александра Мартиновска- Стојческа**- Факултет за земјоделски науки и храна- Скопје;
13. **Даниела Димовска** - Земјоделски факултет, УГД-Штип;
14. **Владимир Петков** - Факултет за ветеринарна медицина, УКИМ-Скопје;
15. **Марина Тошевска**- ЛАГ АГРО ЛИДЕР;
16. **Петар Ѓеоргиевски** - Мрежа за рурален развој;
17. **Сашо Крцоски** - Мрежа на млади фармери;
18. **Лилјана Јоноски**- Рурална коалиција;
19. **Јани Ќука**- Вина од Македонија;
20. **Арбен Халили**- Стопанска комора на северо- западна Македонија;
21. **Хазир Положани**- Универзитет во Тетово;
22. **Ненад Стојанов** – Асоцијација на земјоделци.

**Присутни заменици членови на Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020:**

1. **Рефет Амети** - Министерство за култура;
2. **Фросина Пандурска Драмиќанин**- Македонско еколошко друштво;
3. **Лидија Стојановска**- Занаетчиска Комора на Република Северна Македонија.

**Претставници на Европска Комисија (ЕК) со советодавна улога:**

1. **Лиам Бреслин** - Директорат за земјоделство и рурален развој;
2. **Мариус Лаздинис** - Директорат за земјоделство и рурален развој;
3. **Зиго Рутковскис** - Директорат за земјоделство и рурален развој.

**Претставници од Европска Делегација:**

1. **Маргарита Делева** - Делегација на Европска Унија во Република Северна Македонија;

2. **Костас Соупилас** - Делегација на Европска Унија во Република Северна Македонија;
3. **Сергеј Михајлов** - Делегација на Европска Унија во Република Северна Македонија.

**<u>Претставници на ИПАРД структурата:</u>**

**<u>Претставници од НАО и НФ :</u>**

1. **Владо Караманолевски** - Министерство за финансии;
2. **Александра Симјаноска**- Министерство за финансии.

**<u>Претставници од Тело за Управување со ИПАРД (ТУ):</u>**

1. **Живко Брајковски** - раководител на Сектор за управување со ИПАРД:
2. **Виктор Младеновски** - одделение за следење на спроведување на ИПАРД фондови и известување;
3. **Јасмина Хаџибулиќ** - одделение за следење на спроведување на ИПАРД фондови и известување;
4. **Гордана Смилеска** - одделение за следење на имплементација на ИПАРД фондови и известување;
5. **Кирил Ристоски** - одделение за спроведување на Техничка помош од ИПАРД фондови;
6. **Златко Колевски** - одделение за спроведување на Техничка помош од ИПАРД фондови;
7. **Оливер Стефановски** - одделение за спроведување на Техничка помош од ИПАРД фондови;
8. **Сашка Јовановска Вукелиќ** - одделение за спроведување на Техничка помош од ИПАРД фондови;
9. **Габриела Петрова**- одделение за спроведување на Техничка помош од ИПАРД фондови;
10. **Александар Антески** - одделение за програмирање и проценка на ИПАРД фондови;
11. **Душко Јакимовски** - одделение за програмирање и проценка на ИПАРД фондови;
12. **Исах Имишти**- одделение за програмирање и проценка на ИПАРД фондови;
13. **Мухадин Лимани** - одделение за програмирање и проценка на ИПАРД фондови;

**<u>Претставници од Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР):</u>**

1. **Николче Бабовски** - директор на Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР);
2. **Вангел Наневски** - АФПЗРР;
3. **Владимир Христов** - АФПЗРР.

**Резултати: на седмиот состанок учествуваа Претседавачот на Комитетот, 22 членови и 3 заменици со право на глас (од вкупно 33 членови со право на глас). Согласно член 8 став**

(3) од Деловникот за работа се постигна кворум за одржување на состанокот со 2/3 од членовите со право на глас.

***<u>Листата на присутност на членовите од последните два состаноци на Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020 е прикажана во прилог 1 од овој записник.</u>***

***<u>Листата на набљудувачи е прикажана во прилог 2 од овој записник.</u>***

## II. Дневен ред за седмиот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020

| Бр. | Време | Тема | Презентирано од: | Документи |
|---|---|---|---|---|
| | 09:00 | **Регистрација** | ТУ Секретаријат | |
| | 09:30<br>09:45 | Потврда за присуство на членовите/замениците за состанокот и постигнување на кворум согласно Деловникот за работа | ТУ Секретаријат | |
| 1. | 09:30<br>09:45 | Отварање на состанокот<br>Усвојување на предлог дневниот ред за седмиот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020 | Претседавач | Предлог дневен ред |
| 2 | 09:50<br>10:00 | Усвојување на записникот од претходниот шести состанок на Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020, одржан на 12 декември 2019 | Претседавач | Финален нацрт записник |
| 3. | 10:00<br>10:15 | Информација за спроведување на одлуките/заклучоците усвоени на претходниот шести состанок на Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020 одржан на 12 декември 2019 | ТУ | Презентирано на самиот состанок |
| 4. | 10:15<br>10:20 | Информација за назначување на нови членови за Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020 | ТУ | Презентирано на самиот состанок |
| 5 | 10:20<br>10:30 | Информација во однос на ИПА Комитет за следење одржан на 14 октомври 2020 | НИПАК | Презентирано на самиот состанок |
| 6. | | Статус со спроведување на ИПАРД Програмата 2014-2020 | | |
| 6.1 | 10:30<br>10:50 | Информација за резултатите од спроведување на ИПАРД Програмата 2014-2020 преку податоци/показатели за следење | ТУ | Извештај на ТУ |
| 6.2 | 10:50<br>11:10 | Информација за напредокот на активностите на ИПАРД Агенција во однос на ИПАРД Програмата 2014-2020 | ИПАРД Агенција | Извештај на ИПАРД Агенција |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 6.3 | 11:10<br>11:30 | Информација за функционирање на системот за следење и контрола на ИПАРД Програмата 2014-2020<br>Информација за статусот со доверување на буџетот за спроведување на мерката рурална јавна инфрастуктура<br>Информација за финансиското спроведување на ИПАРД и искорисување на каматата од ИПАРД евро сметка | НАО | Извештај на НАО |
| 7. | | Дискусија за модификација на ИПАРД Програмата 2014-2020 | | |
| 7.1 | 11:30<br>12:00 | Информација за можна модификација на ИПАРД Програмата 2014- 2020 | ТУ | Презентирано на самиот состанок |
| 8. | | Активности за техничка помош | | |
| 8.1 | 12:00<br>12:15 | Информација во однос на напредок на активности во однос на спроведување на АПТА 2020 | ТУ | Извештај на ТУ |
| 8.2 | 12:15<br>12:30 | Усвојување на АПТА за 2020 година (верзија 2) | ТУ | Извештај на ТУ |
| 8.3 | 12:30<br>12:45 | Усвојување на АПТА за 2021 година | ТУ | Извештај на ТУ |
| 8.4 | 12:45<br>12:55 | Напредок на активности за комуникација и публицитет за ИПАРД 2014-2020 | ТУ | Извештај за комуникација и публицитет |
| 8.5 | 12:55<br>13:10 | Усвојување на Акциски план за Комуникација и Публицитет на ИПАРД Програмата 2014-2020 за 2021 година | ТУ | Презентирано на самиот состанок |
| 9. | | Информација/дискусија за резултатите од евалуација на ИПАРД Програмата | | |
| 9.1 | 13:10<br>13:20 | Информација за екс-пост евалуација на ИПАРД Програмата 2007-2013 | ТУ | Презентирано на самиот состанок |
| 9.2 | 13:20<br>13:40 | Информација за тековна евалуација на ИПАРД Програмата 2014- 2020 | ТУ | Презентирано на самиот состанок |
| 10. | | Подготовка за ИПАРД III Програмата 2021- 2027 | | |
| 10.1 | 13:40<br>14:00 | Информација за подготовка на ИПАРД III Програмата 2021- 2027 | ТУ | Презентирано на самиот состанок |
| 11. | 14:00<br>14:20 | Разно | | Дискусија |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 12. | 14:20<br>14:30 | Предлог на дневен ред за следниот осми состанок на Комитетот за следење на ИПАРД II и усогласување на датумот за негово одржување | Претседавач/ Претставници од Европската Комисија | |
| | 14.30 | Затворање на состанокот | Претседавач | |

## III. Резултати од состанокот на Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020

**Отварање на состанокот**

Г-дин. Лиам Бреслин, претставник на Европската комисија, ги поздрави членовите на Комитетот за следење на ИПАРД. Тој му честиташе на г-дин. Реџаил Исмаили за неговото назначување за Претседавач на Комитетот за следење на ИПАРД. Тој истакна дека 2020 година беше предизвикувачка година за Северна Македонија поради пандемијата Ковид 19, но во целина, спроведувањето на ИПАРД Програмата тече добро. Во врска со недостигот на кадар во ИПАРД структурата, г-дин. Бреслин испрати порака на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Министерството за финансии да ги преземат потребните чекори за добивање дополнителен кадар, во спротивно може да се одложи усвојувањето на ИПАРД III Програмата, како што беше и примерот со доверувањето на правото за спроведување на нови мерки. Тој истакна дека Северна Македонија е меѓу предводниците во спроведувањето на ИПАРД и единствената земја што не побара исклучок од Н + 3 правилото за оваа година.

Г-дин. Бреслин информираше за неговото пензионирање на крајот на ноември. Тој го претстави г-дин. Мариус Лаздинис кој ќе биде вршител на должноста шеф на одделение почнувајќи од 1 декември.

1. **Точка 1 од дневниот ред: „Усвојување на предлог дневниот ред за седмиот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020".**

Претседавачот на Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020 (ИПАРД II МК), Реџаил Исмаили го отвори седмиот состанок на Комитетот посакувајќи им добредојде на сите присутни на состанокот како и на новите членови на Комитетот и на претставниците од Европската Комисија (ЕК). Тој ги информираше членовите за предлог дневниот ред за седмиот состанок на ИПАРД II МК.

Членовите на ИПАРД II МК немаа забелешки во однос на дневниот ред, со што беше усвоена следнава одлука:

| |
|---|
| **Одлука бр. 1: Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020 го усвои дневниот ред за седмиот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020.** |

2. **Точка 2 од дневниот ред: „Усвојување на записникот од претходниот шести состанок на ИПАРД II МК, одржан на 12 декември 2019 година"**

Претседавачот на ИПАРД II МК, информираше дека записникот од претходниот шести состанок на ИПАРД II МК одржан на 12 декември 2019 година, е испратен до членовите на Комитетот за следење на ИПАРД на 28.01.2020 година и заклучно со 11.02.2020 година до Секретаријатот не се пристигнати коментари од членовите.

Членовите на ИПАРД II МК немаа забелешки по однос на записникот и беше усвоена следнава одлука:

**Одлука бр. 2: Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020 го разгледа и усвои Записникот од претходниот шестти состанок на Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020 одржан на 12 декември 2019.**

3. **Точка 3 од дневниот ред: „Информација за спроведување на одлуките/заклучоците усвоени на претходниот шестти состанок на Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020 одржан на 12 декември 2019"**

Раководителот на Телото за управување со ИПАРД, Живко Брајковски, информираше во однос на напредокот во спроведување на одлуките/заклучоците усвоени на претходниот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020 како и за одлуките донесени по пат на пишана процедура и тоа за:

- Годишниот извештај за спроведување на ИПАРД Програмата 2014-2020 за 2019 година;
- Измена на акцискиот план на планирани активности со мерката „Техничка помош" (АПТА) за 2020 година;
- Измена на Деловникот за работа на Комитетот за следење на ИПАРД II.

Во однос на оваа точка, членовите на Комитетот го донесоа следниов заклучок:

**Заклучок бр. 1: Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020 се информираше во однос на одлуките/заклучоците усвоени на претходниот (шестти) состанок на Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020.**

4. **Точка 4 од дневниот ред: „ Информација за назначување на нови членови за Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020"**

Во врска со точка 4, Раководителот на Телото за управување со ИПАРД, Живко Брајковски, информираше во однос на новите членови на ИПАРД II МК како и новиот претседавач на Комитетот. Новите членови на Комитетот се:

- Дритан Рамадани - Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство;
- Арбен Халили - Стопанска комора на северо-западна Македонија;
- Хазир Положани - Универзитет во Тетово;
- Александра Мартиноска Стојчевска – Факултет за земјоделски науки и храна- Скопје;
- Владо Аврамовски - Министерство за труд и социјална политика;
- Реџаиљ Исмаили - претседавач на Комитетот за следење на ИПАРД 2014- 2020.

Во однос на оваа точка, беше донесен следниот заклучок:

**Заклучок бр. 2: Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020 се информираше во однос на новите членови на Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020.**

5. **Точка 5 од дневниот ред: „Информација во однос на Комитетот за следење на ИПА одржан на 14 октомври 2020"**

Претставникот на Националниот ИПА координатор, Евгенија Серафимовска Кирковски информираше во однос на состанокот на Комитетот за следење на ИПА, односно заклучоците донесени на истиот. Таа исто така потенцираше дека постојано се дискутира во однос на политиката за задржување на кадарот во ИПА структурата. Како резултат на постојаниот притисок од страна ЕК, НИПАК беше задолжен да достави нов предлог во однос на политиката за задржување на кадар во ноември 2020 година и истиот се очекува да биде усвоен во март 2021 година. Претставникот на ЕК, Лиам Бреслин предложи во наредните 6 месеци повторно да се побара правото за управување со средствата од мерката рурална јавна инфраструктура. Раководителот на Телото за управување со ИПАРД, Живко Брајковски одговори сè додека не се вработи определен кадар, не може да се започне со реализација на таа мерка.

Во однос на оваа точка беше донесен следниот заклучок:

**Заклучок бр. 3: Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020 се информираше во однос на Комитетот за следење на ИПА одржан на 14 октомври 2020.**

6. **Точка 6 од дневниот ред: „Статус со спроведување на ИПАРД Програмата 2014-2020"**

**6.1 „Информација за резултатите од спроведување на ИПАРД Програмата 2014-2020 преку податоци/показатели за следење"**

Во однос на оваа подточка, претставникот на ТУ со ИПАРД, Виктор Младеновски го презентираше Извештајот за следење на спроведувањето на ИПАРД Програмата 2014-2020 притоа информирајќи дека главните показатели за спроведувањето се со статус од 31.10.2020 година, додека пак, индикаторите кои даваат информации за видот на производство или видот на инвестициите се со статус од 30 јуни 2020 година. Присутните на состанокот беа детално информирани во однос на спроведувањето на трите мерки од ИПАРД Програмата 2014-2020, јавните повици и сл.

Претставникот на ЕК, Зиго Рутковскис забележа дека извештајот покажува исполнување на таргетите на програмата пониско од 50%. Таргетите поставени во ИПАРД програмата 2014-2020 беа превисоки и ова треба да се земе предвид при подготовката на ИПАРД III. Ова значи дека таргетите, поставени на почетокот на подготовката на ИПАРД II, беа преамбициозни и нереални. Тој исто така потсети дека имплементацијата на ИПАРД II и ИПАРД III е вежба за пристапување во ЕУ бидејќи, во земјите-членки на ЕУ, особено внимание се посветува на начинот на поставување и постигнување на таргетите. Следното прашање што тој го посочи

беше во врска со градежните дозволи, како и легализацијата на фармите што има негативно влијание врз имплементацијата на ИПАРД.

Раководителот на ТУ, Живко Брајковски информираше дека по последниот состанок на ИПАРД II МК, ТУ подготви упатство за градење на земјоделско земјиште и го презентираше на засегнатите страни на форуми и работилници организирани во рамките на кампањата за публицитет на ИПАРД и го објави на ИПАРД веб-страница. Тој исто така истакна дека ТУ ќе подготви слични упатства за добивање на еколошки дозволи и дозволи за обезбедување вода за наводнување од бунари.

На прашањето, поставено од Лиам Бреслин, во врска со нивото на интерес за мерката 7 и ниската стапка на одобрување, претставникот на ТУ, Виктор Младеновски одговори дека на првиот јавен повик имало голем број поднесени барања со голема вредност на инвестиции за обновливи извори на енергија, но тие беа одбиени поради неисполнување на критериумите на Програмата.

Во врска со оваа подточка, беше усвоен следниот заклучок:

**Заклучок бр. 4: Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020 се информираше во однос на резултатите од спроведување на ИПАРД Програмата 2014-2020 преку податоци/показатели за следење.**

### 6.2 „Информација за напредокот на активностите на ИПАРД Агенција во однос на ИПАРД Програмата 2014-2020"

Директорот на АФПЗРР, Николче Бабовски, информираше дека за време на вонредната состојба, АФПЗРР донесе Уредба со законска сила која што имаше за цел да се заштитат средствата на даночните обврзници од ЕУ и на барателите и во фаза на поднесеување на барањата и во фаза на реализација на договорите. Тој истакна дека на една од последните седници на Владата на РСМ, беше донесен заклучок во однос на пополнување на потребните работни места на цела ИПА структура заклучно со прв квартал од 2021 година.

Претставникот на АФПЗРР, Вангел Наневски информираше дека согласно Уредбата донесена за време на кризната состојба, беше пролонгиран рокот за реализација на инвестициите за 60 дена (за инвестиции чиј рок на реализација завршува за време на периодот на траење на вонредната состојба), додека пак за оние договори чиј рок за завршување поминува по истекот на вонредната состојба, рокот за реализација се продолжува за времетраењето на вонредната состојба. Контролите на лице место за мерка 1 пред одобрување на ивестициите се одвиваа со помош на соодветни дата бази до кои АФПЗРР има пристап. За мерка 3 и мерка 7 контролите се одвиваа физички согласно Уредбата. Склучувањето на договорите не се одвиваше физички туку со помош на праќање на договорите и решенијата по пошта. Тој исто така информираше и во однос на втората модификација која се однесуваше на постапката на одобрување на барањата во состојба кога вкупно побараната сума е над расположливиот буџет од Јавниот повик.

Наневски ги презентираше резултатите од спроведувањето на Програмата по јавни повици (Прилог 3 од записникот). Постапка за рангирање на барањата ќе се примени за барањата поднесени на јавниот повик 01/2020 бидејќи е надминат буџетот на јавниот повик.

Тој ја истакна некомплетноста на барањата како главна причина за одбивање, особено во мерката 7 каде 151 од вкупно 261 барање на јавниот повик 01/2019 беа одбиени поради некомплетност. Покрај тоа, доцнењето во процесот на склучување на договори е предизвикано од бавниот одговор на Бирото за судско вештачење во процесот на утврдување на разумноста на трошоците. Големиот број примени барања и недоволниот број вработени, сè уште останува како едно од тесните грла во процесот на обработка на барањата, како во фаза на склучување на договори, така и во фаза на исплата на барањата.

Претставникот од АФПЗРР, Владимир Христов, ги презентираше податоците во врска со исплатата на барањата. Тој посочи дека во врска со јавниот повик 01/2017 сè уште има активни договори каде што рокот за исплата е 2021 година и во следниот период се очекува да бидат доставени 9 барања за исплата со побарана сума од 2,5 милиони евра. Во врска со повикот 01/2018, повеќето корисници ги завршија инвестициите и се очекува дека барањата за исплата на овие инвестиции ќе достигнат околу 4 милиони евра и ќе бидат поднесени во 2021 година.

Претставникот на ЕК, Зиго Рутковскис уште еднаш ја потенцираше потребата од пополнување на човечките капацитети во АФПЗРР.

Во врска со оваа потточка беше усвоен следниот заклучок:

**Заклучок бр. 5: Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020 се информираше во однос на напредокот на активностите на АФПЗРР во однос на ИПАРД Програмата 2014-2020.**

### 6.3 „Информација за функционирање на системот за следење и контрола на ИПАРД Програмата 2014-2020", „Информација за статусот со доверување на буџетот за спроведување на мерката рурална јавна инфрастуктура" и „Информација за финансиското спроведување на ИПАРД и искорисување на каматата од ИПАРД евро сметка"

Претставничката на НАО, Александра Симјаноска го информираше Комитетот во однос на системот за управување и контрола на ИПАРД и спроведените верификациски посети од страна на НАО, како и спроведените внатрешни ревизии во текот на 2020 година од страна на Секторот за внатрешна ревизија во рамките на секоја институција.

Во врска со ризикот од губење на средства во 2021 година, таа информираше дека истото ќе се избегне со извршување на на планираните исплата до крајот на 2020 и во текот на 2021 година.

Во однос на оваа потточка, Комитетот за следење на ИПАРД го усвои следниов заклучок:

**Заклучок бр. 6: Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020 се информираше во однос на  системот за следење и контрола на ИПАРД Програмата 2014-2020.**

7. **Точка 7 од дневниот ред: „Дискусија за модификација на ИПАРД Програмата 2014-2020"**

**7.1 „Информација за можна модификација на ИПАРД Програмата 2014-2020"**

Раководителот на Телото за управување со ИПАРД, Живко Брајковски, информираше во однос на можната, трета модификација на ИПАРД Програмата 2014-2020. Како причини за истата, беа наведени:

- Прераспределба на финансиски средства во мерка 7;
- Предлог измени и дополнувања на Секторската спогодба.

Третата модификација предвидува:

- Релокација на средства од мерка 3 и 9 во мерка 7;
- Усогласување на терминот „млад земјоделец" во рамки на Програмата;
- Воведување на можноста за предфинансирање на инвестициите во висина до 50% од финансиската поддршка (ЕУ + национално ко-финансирање).

Во однос на оваа точка беше донесен следниов заклучок:

**Заклучок бр. 7: Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020 се информираше во однос на можната модификација на ИПАРД Програмата 2014-2020.**

8. **Точка 8 од дневниот ред: „Активности за техничка помош"**

**8.1 „Информација во однос на напредок на активности во однос на спроведување на АПТА 2020"**

Во однос на оваа потточка, претставникот на ТУ со ИПАРД, Кирил Ристоски информираше во однос на реализираните активности од АПТА за 2020 година. Тој исто така посочи дека поради пандемијата предизвикана од Covid 19, одделението не беше во можност целосно да ја реализира АПТА за 2020 година.
Како реализирани активности во 2020 од страна на одделението за спроведување на мерката Техничка помош беа наведени:

- Организација на Мониторинг Комитет;
- Набавка на канцелариски материјали;
- Ex-Post евалуација на ИПАРД Програмата 2007-2013;
- Реализација на кампања за публицитет на ИПАРД.

Активности кои се во фаза на реализација од мерката Техничка помош:

- Организација на 4 состаноци на Мониторинг Комитет;
- Набавка на дата база за потребите на АФПЗРР;

- Ex-ante евалуација на ИПАРД III Програмата;
- Превод на ИПАРД Програмата 2014-2020.

Во однос на оваа потточка беше донесен следниот заклучок:

**Заклучок бр. 8: Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020 се информираше во однос на напредокот на активности во однос на спроведување на АПТА 2020".**

### 8.2 „Усвојување на АПТА за 2020 година (верзија 2)"

Претставникот на ТУ со ИПАРД, Кирил Ристоски ги презентираше измените на АПТА за 2020 година. Тој посочи дека сѐ што не беше реализирано со АПТА за 2020 година ќе биде префрлено во 2021 година.

Во однос на оваа потточка беше усвоена следната одлука:

**Одлука бр. 3: Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020 ја разгледа и усвои АПТА за 2020 година (верзија 2).**

### 8.3 „Усвојување на АПТА за 2021 година"

Претставникот на ТУ со ИПАРД, Кирил Ристоски ги презентираше активностите предвидени во АПТА за 2021 година односно:

- Обука за членовите на Мониторинг Комитет;
- Кампања за публицитет на ИПАРД Програма;
- Трошоци за семинари и посети;
- Обука за подготовка на потенцијални ЛАГ-ови за имплементација на стратегиите за локален развој;
- Набавка на канцелариски материјали;
- Евалуација на ИПАРД Програмата 2014-2020;
- Насочување на специфични делови од системот за управување и контрола.

Во однос на оваа потточка беше усвоена следната одлука:

**Одлука бр. 4: Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020 ја разгледа и усвои АПТА за 2021 година.**

### 8.4 „Напредок на активности за комуникација и публицитет за ИПАРД Програмата 2014-2020"

Претставникот на ТУ со ИПАРД, Сашка Јовановска–Вукелиќ, информираше во однос на активностите во рамките на Кампањата за публицитет на ИПАРД Програмата 2014-2020, предвидени во Годишниот акциски план за публицитет и комуникација на ИПАРД Програмата

2014-2020 за 2020 година. Таа детално ги презентираше реализираните активности како и идните планирани активности во однос на комуникација и публицитет за 2021 година.

Претставниците на Европската Комисија ги пофалија националните власти за извонредната работа за комуникација и публицитет на спроведувањето на ИПАРД - дури и за време на пандемијата. Овие активности исто така даваат доказ за вклученоста на социјалните и економските партнери во подготовките за претстојните повици и спроведувањето на ИПАРД воопшто.

Во врска со оваа потточка беше донесен следниот заклучок:

**Заклучок бр. 9: Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020 се информираше за напредокот на активностите за комуникација и публицитет за ИПАРД Програмата 2014-2020.**

### 8.5 „Усвојување на Акциски план за Комуникација и Публицитет на ИПАРД Програмата 2014-2020 за 2021 година"

Претставничката на ТУ со ИПАРД, Сашка Јовановска–Вукелиќ ги презентираше активностите предвидени во акцискиот план за комуникација и публицитет на ИПАРД Програмата 2014-2020 за 2021 година. Акцискиот план за комуникација и публицитет на ИПАРД Програмата 2014-2020 за 2021 година предвидува:

- Организација (on-line или со физичко присуство) на ИПАРД инфо едукативни денови со промовирање на успешни примери;
- ИПАРД форуми (on-line или со физичко присуство) за поуспешно спроведување на ИПАРД Програмата 2014-2020;
- ИПАРД работилници (on-line или со физичко присуство) за изготвување на ИПАРД барања, најава на јавните повици;
- Појавувања/прилози во пишани и електронски медиуми;
- Објавување на листата на крајни корисници на средства од ИПАРД Програмата 2014-2020;
- Изработка и дистрибуција на барања за користење на средства и упатства за корисници на ИПАРД Програмата 2014-2020;
- Изработка и дистрибуција на брошури посветени на промоција на ИПАРД Програмата 2014-2020;
- Изработка и објава на книга - илустрирана едиција за успешни примери на ИПАРД проекти;
- Изработка и објава на аудио и видео спотови;

Во врска со оваа потточка беше усвоена следната одлука:

**Одлука бр. 5: Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020 го разгледа и усвои Акцискиот план за Комуникација и Публицитет на ИПАРД Програмата 2014-2020 за 2021 година.**

9. **Точка 9 од дневниот ред: „Информација/дискусија за резултатите од евалуација на ИПАРД Програмата"**

**9.1 „Информација за екс-пост евалуација на ИПАРД Програмата 2007-2013"**

Претставникот на ТУ со ИПАРД, Александар Антески ги презентираше деталите во однос на екс-пост евалуацијата на ИПАРД Програмата 2007-2013 фокусирајќи се на препораките од финалниот извештај кој беше одобрен на 23.09.2020. Во однос на препораките, беше истакнато следново:

- Поради долгиот период на обработка, АФПЗРР и ТУ да изнајдат начини за забрзување на процесот, од поднесување на апликација до исплата на средства;
- ТУ и АФПЗРР повеќе да се фокусираат на региони со послаб интерес за аплицирање;
- Подобрување на комуникацијата помеѓу барателите и АФПЗРР;
- Воведување на софтверски решенија и меѓусебна поврзаност на дата базите;
- Поголема фокусираност на јавните повици;
- Подобрување на советодавните услуги;
- Поддршка за пред- финансирање.

Во врска со оваа потточка беше донесен следниот заклучок:

**Заклучок бр. 10: Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020 се информираше за екс-пост евалуацијата на ИПАРД Програмата 2007-2013.**

**9.2 „Информација за тековна евалуација на ИПАРД Програмата 2014-2020"**

Претставникот на ТУ со ИПАРД, Александар Антески, информираше во однос на тековната евалуација на ИПАРД Програмата 2014-2020. Како пречки за реализација на евалуациските активности беа наведени следните:

- Недостаток на човечки капацитети по однос на евалуациските активности;
- Задоцнето доставување на податоци од страна на Агенцијата;
- Мануелна обработка на податоците во Агенцијата;
- Некозистентни податоци по однос на спроведување на ИПАРД Програмата 2014-2020.

Во однос на оваа потточка беше донесен следниот заклучок:

**Заклучок бр. 11: Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020 се информираше за тековната евалуација на ИПАРД Програмата 2014-2020.**

10. Точка 10 од Дневниот ред: „Подготовка за ИПАРД Програмата 2021-2027"

**10.1 „ Информација за подготовка на ИПАРД Програмата 2021-2027"**

Раководителот на Телото за управување со ИПАРД, Живко Брајковски информираше во однос на активностите за подготовка на ИПАРД Програмата 2021-2027. Претставникот на ЕК, Зиго Рутковски истакна дека РСМ е помеѓу лидерите во однос на подготовките на ИПАРД III Програмата. Тој исто така посочи дека достапноста на средствата ќе зависи од донесените одлуки во однос на човечките капацитети во ИПАРД структурите. Доколку нема доволен број на вработени, потребни за спроведување на ИПАРД Програмата, нема да има причина за доделување на дополнителни средства. Претставникот на ЕК, Лиам Бреслин извести дека на 27.11.2020 година ќе биде одржан состанок со сите ИПАРД земји каде што ќе се дискутира за 8 мерки кои понатаму ќе бидат испратени до ТУ. Во однос на прашањето на претставникот на ЕК, Зиго Рутковскис што мислат членовите во однос на ИПАРД III Програмата, односно дали имаат некаков предлог, претставничката на МЕД, Фросина Пандурска Драмиќанин ја истакна важноста на Агро- еколошките мерки во однос на одржување на пределите во РСМ, особено во сегашните или идните заштитени подрачја каде што има намалување на бројот на добиток. Раководителот на Телото за управување со ИПАРД, Живко Брајковски одговори дека ТУ има намера да ги воведе Агро-еколошките мерки и органското производство во рамки на ИПАРД III Програмата. Земајќи во предвид дека ТУ сѐуште ги нема добиено насоките за изработка на оваа мерка, тој ги замоли претставниците на ЕК сите насоки во однос на поединечните мерки да бидат доставени најдоцна до крај на јануари 2021 година. Што се однесува на Агро-еколошките мерки, претставникот на АФПЗРР, Вангел Наневски истакна дека не е доволно само да се програмира оваа мерка туку потребно е вработување и на соодветен кадар, обучен за имплементација на истите.

Во однос на оваа потточка беше донесен следниот заклучок:

**Заклучок бр. 12: Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020 се информираше за подготовките на ИПАРД Програмата 2021-2027**

11. Точка 11 од дневниот ред: „Разно"

Во однос на оваа точка, претставникот на ЕК, Лиам Бреслин го извести Раководителот на Телото за управување со ИПАРД, Живко Брајковски дека сите мерки и насоки во однос на подготовката на ИПАРД III Програмата, ќе бидат навремено доставени. Иако, 8 од нив се веќе доставени како нацрт, истите не се далеку од конечната верзија. Останатите 5 мерки исто така ќе бидат доставени навремено. Понатаму, тој изнесе одредени забелешки од страна на Комисијата. Имено, Европската Комисија и ГД за земјоделство се задоволни во однос на тоа како Република Северна Македонија ја спроведува ИПАРД Програмата. Од друга страна, пак, Комисијата е загрижена во однос на недостатокот на човечки капацитети во АФПЗРР и ТУ. Тој апелираше до властите во РСМ да превземат чекори за пополнување на потребните работни позиции, во спротивно, ќе има последици, односно:

- ГД за земјоделство ќе воведе санкции за РСМ поради доцната исплата.
- Недостатокот на човечки капацитети исто така ќе влијае на акредитацијата на мерката „Инвестиции во рурална јавна инфраструктура“, односно истата ќе ја доведе во прашање.
- Бројот на вработени ќе влијае и на ИПАРД III Програмата односно на расположливите финансиски средства наменети за Република Северна Маекдонија. Доколку не се пополнат човечките капацитети, ќе биде тешко да се обезбедат дополнителни средства.

## 12. Точка 12 од дневниот ред: „Предлог на дневен ред за следниот осми состанок на Комитетот за следење на ИПАРД“

Претседавачот информираше за предлог дневниот ред  за следниот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020. Во однос на наредниот состанок тој предложи датумот на одржување за наредниот осми состанок на Комитетот да биде договорен во согласност со можностите на претставниците на Европската Комисија.
Претседавачот го затвори состанокот и го прогласи за успешен.

| ОД СТРАНА НА КОМИТЕТОТ ЗА СЛЕДЕЊЕ НА ИПАРД: | ОД СТРАНА НА СЕКРЕТАРИЈАТОТ: |
|---|---|
| **Rexhail Ismailli** | **Живко Брајковски** |
| Титула: Претседавач | Раководител на Сектор за управување со ИПАРД |
| Потпис: | Потпис: |
| Датум: | Датум: |

**Прилог 1: Листа на присутни членови (или нивни заменици) на состанокот на Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020**

| Бр. | Име на членот | Институција | Присутен | Присутен (заменик член) | Заменик | Последовател ни отсуства |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Реџаил Исмаили | МЗШВ | √ | | | |
| Државни институции | | | | | | |
| 2. | Дритан Рамадани | МЗШВ | √ | | | 0 |
| 3. | Гоце Георгиевски | МЗШВ | √ | | | 0 |
| 4. | Маја Лазареска Јовеска | МЗШВ | √ | | | 0 |
| 5. | Андријана Велевска | МЗШВ | √ | | | 0 |
| 6. | Евгенија Серафимовска Кирковски | СЕП | √ | | | 0 |
| 7. | Марина Арсовска | Министерство за економија | / | / | / | 2 |
| 8. | Вулнет Арифи | МЛС | / | / | / | 1 |
| 9. | Авзи Демири | МК | | √ | Рефет Амети | 0 |
| 10. | Назмије Идризи | МЖСПП | √ | | | 0 |
| 11. | Марјан Копевски | Министерство за транспорт и врски | √ | | | 0 |
| 12. | Владо Аврамовски | Министерство за труд и социјална политика | √ | | | 0 |
| 13. | Сашко Арсов | АХВ | √ | | | 0 |
| Агенции | | | | | | |
| 14. | Елгафар Јусуфи | АПРЗ | √ | | | 0 |
| 15. | Љиљана Вуковиќ | Агенција за поддршка на претприемништво то | / | / | / | 1 |
| Економски и социјални партнери | | | | | | |
| 16. | Игор Тасевски | Стопанска комора на Македонија | / | / | / | 1 |
| 17. | Огнен Оровчанец | Агробизнис комора при Сојуз на стопански | / | / | / | 1 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | комори на Македонија | | | | |
| 18. | Сашо Ристески | Македонска асоцијација на преработувачи | √ | | | 0 |
| 19. | Асен Дуковски | Сојуз на земјоделци на Македонија | / | / | / | 2 |
| 20. | Зоран Зимбаков | Заедница на единиците на локалната самоуправа | / | / | / | 1 |
| 21. | Проф. д-р Александра Мартиновска-Стојчевска | Факултет за земјоделски науки и храна | √ | | | 0 |
| 22. | Агрон Фазлији | Занаетчиска комора на Република Северна Македонија | | √ | Лидија Стојановска | 0 |
| 23. | Даниела Димовска | Факултет за земјоделски науки и храна - УГД Штип | √ | | | 0 |
| 24. | Марина Тошевска | Агро-Лидер | √ | | | 0 |
| 25. | Петар Ѓоргиевски | Рурална мрежа на Р.М. | √ | | | 0 |
| 26. | Владимир Петков | Факултет за ветеринарна медицина | √ | | | 0 |
| 27. | Сашо Крцоски | Мрежа на млади фармери | √ | | | 0 |
| 28. | Владо Бабаџовски | Синдикално здружување на земјоделски производители „СПАС“ | / | / | / | 1 |
| 30. | Наталија Меловска | Македонско еколошко друштво | | √ | Фросина Пандурска Драмиќанин | 0 |
| 31. | Лилјана Јоноски | Рурална коалиција | √ | | | 0 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 32. | Ненад Стојанов | Асоцијација на земјоделци | √ | | | 0 |
| 33. | Јани Ќука | Вина од МАкедонија | √ | | | 0 |
| 34. | Арбен Халили | Стопанска комора на северо-западна Македонија | √ | | | 0 |
| 35. | Хазир Положани | Универзитет во Тетово | √ | | | 0 |
| | ВКУПНО: | | 22 | 3 | | |

Прилог 2: Листа на набљудувачи

**Претставници на владини институции:**

- **Неда Ѓоковиќ** - МЗШВ;
- **Александар Димитровски**- МЗШВ;
- **Жељка Гудељ** – МЗШВ;
- **Иван Ристовски** - Кабинет на заменик претседател на Владата задолжен за економски прашања

**Претставници од Државен завод за ревизија:**

- **Зоран Ристовски** - Државен завод за ревизија;
- **Весна Младеновска** - Државен завод за ревизија;
- **Арбен Рамадани** – Државен завод за ревизија;
- **Наташа Мисовска** - Државен завод за ревизија.

**Претставници на економски и социјални партнери:**

- **Елизабета Ангелеска** – Здружение на земјоделски училишта;
- **Панче Арсов** - Агенција за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој;

## Прилог 3: Резултати од спроведувањето на ИПАРД Програмата

| Јавен повик (мерка) | Поднесени | | Одобрени | | Исплатени | | Опис |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | барања | ЕУ дел | барања | ЕУ дел | барања | ЕУ дел | |
| 01/2017 (сите) | 1.648 | 72.329.985 | 899 | 16.099.845 | 859 | 11.139.357 | Исплата на 2,5 мил. € очекувана во 2021 |
| 01/2018 (М3) | 65 | 15.306.651 | 38 | 6.700.036 | 25 | 1.929.367 | Исплата на 4 мил. € очекувана во 2021 |
| 02/2018 (М1) | 1.099 | 18.335.969 | 640 | 6.319.986 | 400 | 1.272.017 | Исплатата продолжува во 2021 и 2022 |
| 01/2019 (М9) | 261 | 43.821.070 | 36 | 2.332.025 | / | / | Сеуште трае одобрување, се очекуваат околу 80 нови договори |
| 02/2019 (М3) | 61 | 16.763.734 | 32 | 6.272.419 | / | / | Сеуште трае одобрување |
| 01/2020 (М1) | 748 | 21.011.113 | / | / | / | / | Се применува постапка на рангирање |
| Вкупно | 3.882 | 187.568.522 | 1.645 | 37.724.311 | 1.284 | 14.340.741 | |